УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

09

2022

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Биљана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски" – Скопје
13.04.2022
74/1

***Прилог бр. 2***

РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: *ОПШТА ИСТОРИЈА НА ХРИСТИЈАНСКАТА ЦРКВА* (шифра 61106), *ИСТОРИЈА НА МПЦ* (шифра 61107) И *ДРУГО* (шифра 61109)**

**НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот „Вечер" (Бр. 17870) од 18 март 2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): *Историја на христијанската црква*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот при Православниот богословски факултет (ПБФ) „Свети Климент Охридски", бр. 47/1, донесена на 3 март 2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Тони Филипоски, редовен професор на Филозофскиот факултет (Институт за историја), д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор на Православниот богословски факултет и д-р Ратомир Грозданоски, редовен професор на Православниот богословски факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина): *Историја на христијанската црква*, во предвидениот рок се пријави *д-р Дејан Борисов*.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Дејан Борисов е роден на 14 септември 1977 година, во Скопје. Средно образование завршил во Македонската православна богословија (МПБ) „Свети Климент Охридски" во Драчево во 1997 година. Со високо образование се стекнал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, во 2003 година.

Во учебната 2003/2004 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Понтификалниот ориентален институт, Факултет за ориентални црковни науки, отсек: Црковна историја, Рим, Италија. Студиите ги завршил во 2005 година, со просечен успех 9,54. На 16 јуни 2005 година со оценка 10.00 го одбранил магистерскиот труд на тема: *Митрополитот Теодосиј (Гологанов) и обидот да се возобнови вековната црква на македонскиот народ - Охридската архиепископија* и се стекнал со научниот степен: *магистер по црковно-ориентални науки.*

По враќањето во Македонија, од страна на Светиот архиерејски синод бил поставен за *воспитувач* и *редовен професор* при МПБ „Свети Климент Охридски" во Скопје за учебната 2005/2006 година, по предметите: *Христијанска етика, Англиски јазик* и *Информатика.* Академската 2006/2007 година бил избран за *асистент* при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје за предметите: *Историја на христијанската црква* и *Црковна архитектура со христијанска уметност.* Истата година го продолжил својот ангажман и во МПБ „Свети Климент Охридски" како *хонорарен професор* по предметите: *Англиски јазик* и *Информатика* (учебна 2006/2007).

Докторска дисертација пријавил во 2007 година на Понтификалниот ориентален институт, Факултет за ориентални црковни науки, отсек: Црковна историја, Рим, Италија. Дисертацијата на тема: *The dual ecclesiastical jurisdiction over the Eparchy of Skopje in the XIX century and the Metropolitan of Skopje Theodosius/Двојната црковна јурисдикција на Скопската епархија во XIX век и споскиот митрополит Теодосиј* ја одбранил на 6 јуни 2012 година, пред меѓународна комисија во состав: Jakov Kulic S.J., Constantin Simon S.J., James McCann S.J. Со тоа се стекнал со научниот степен *доктор на науки* од научната област: *источни теолошки науки.*

Во 2012 година бил избран во наставно-научното звање *доцент* на *Историско-правната катедра* при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје од научната област: *Историја на христијанската црква.* Истата година бил избран и за Раководител на *Историско-правната катедра.*

На 21 јуни 2017 година е избран во наставно-научното звање *вонреден професор* на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје во научната област: *Историја на христијанската црква,* каде до денес се наоѓа. Реферат од последниот

избор во звање е објавен во Билтен на ПБФ: бр.07/2016-2018 од февруари 2019 година. Кандидатот активно се служи со англиски и италијански јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други достигнувања на кандидатот како од почетокот на неговата наставно-научна кариера, а особено за време на годините по неговиот последен избор во звање. Затоа Комисијата превенствено се раководеше од поднесената исцрпна документација, која е од особена важност за изборот во повисоко звање, но и од податоците објавени во рецензиите на неговите претходни избори во пониски звања (Билтен на ПБФ: бр. 04/1992-2007, од јуни 2019 г.; Билтен на ПБФ: бр. 05/2008-2012 од јуни 2013 г.).

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, кандидатот д-р Дејан Борисов успешно изведува наставно-образовна активност (предавања, вежби, теренска настава, итн.) на прв, втор и трет циклус студии на научните области: *Општа историја на христијанската црква* (шифра 61106), *Историја на МПЦ* (шифра 61107) и *Друго* (шифра 61109) на научното поле: *Теологија* (шифра 611) и од научното подрачје: *Хуманистички науки* (шифра 6). На прв циклус ги предавал и/или ги предава предметите: *Историја на христијанската црква I, Историја на христијанската црква II, Историја на македонската православна црква I, Историја на македонската православна црква II, Канонско право II* и *Црковно пеење*. На втор циклус ги предава предметите: *Современа историја на Македонската православна црква* и *Првиот и Вториот црковно-народен собор на Македонската православна црква*, а на трет циклус: *Народните здруженија во Македонија во XIX век и нивната вклученост во црковните работи, Црквата во Македонија во првата половина од XX век и Богословски дискусии во доцна Византија.*

Кандидатот бил ментор на 3 (три) дипломски работи, а како член во Комисија за оценка и/или одбрана се јавува на 8 (осум) дипломски работи, на 1 (еден) магистерски труд и на 1 (една) докторска дисертација.

Од увидот на документацијата станува јасно дека кандидатот дал значителен придонес во изведувањето на наставно-образовниот процес на Православниот богословски

факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје и во потполност ги исполнува Општите и Посебните услови/критериуми за наставно-образовна дејност (*Види Образец 1 и 2*) за избор во повисоко звање.

**<u>Научно-истражувачка дејност</u>**

Д-р Дејан Борисов од последниот избор во звање има објавено вкупно 14 научни и научно/стручни трудови главно од научната област на историја на христијанството и црковната историја на Македонија. Секако тука се вбројуваат делови од монографии, научни и научно/стручни трудови публикувани во меѓународни и домашни научни списанија и Зборници од одржани научни Симпозиуми/Конференции/Конгреси. Исто така треба да се истакне учеството на кандидатот со свои реферати на десетина научни Симпозиуми/Конференции/Конгреси, како во земјата така и во странство.

Кандидатот учествувал како член во еден национален научно-истражувачки проект. Кандидатот бил ментор на 1 (еден) магистерски труд.

Д-р Дејан Борисов со својата широка научно-истражувачка активност придонел за развој на теологијата и историската наука, особено за развој на историјата на христијанството и црковната историја на Македонија. Поради сето тоа во потполност ги исполнил Општите и Посебните услови/критериуми за научно-истражувачката активност (*Види Образец 1 и 2*) за избор во повисоко звање.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Православниот богословски факултет и македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во последните петнаесетина години:

- Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на ПБФ (2018); Претставник на САС на МПЦ-ОА на полагањето на зрелосниот испит при МПБ (2018); Комисија за изведување приемни испити при ПБФ (2017); Комисија за измени и дополнувања на наставната програма на ПБФ (2015); Комисијата за измени и дополнувања на Статутот на ПБФ (2014); Археографска комисија при ПБФ (2014); Комисија за изработна на елаборат за трет циклус студии по теологија, докторски студии на ПБФ (2014); Одбор за соработка и доверба со јавноста кој

дава мислење по студиските програми (2013-2018); Комисија за изработка Предлог-одлука за организација и систематизација на работните места на вработените при ПБФ (2012); Комисија за изработка Предлог-одлука за платите и надоместоците на вработените при ПБФ (2012); Комисија за изведување на приемните испити на ПБФ (2011); Комисија за измени и дополнувања на Статутот на ПБФ (2009);

Д-р Дејан Борисов бил активно вклучен во работата на УКИМ као член на *Универзитескиот сенат* (2018-2020) и како член на *Комисијата за избор на ректор* (2020). Кандидатот бил член на 4 (четири) рецензентски комисии за избор на лица во повисоко наставно-научно звање. Член е на здружението на граѓани: *Комитет за византологија и медиевистика на Р. Македонија-Скопје*, која е полноправна членка на *Меѓународната асоцијација на византолози (AIEB)*.

На тој начин кандидатот во целост ги исполнил Општите и Посебните услови/критериуми за стручно-апликативната дејност и дејност од поширок интерес (*Види Образец 1 и 2*) за избор во повисоко звање.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Дејан Борисов во декември 2021 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите за самоевалуација на Православниот богословски факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ:**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, членовите на Рецензентската комисија позитивно ја вреднуваат и ја оценуваат наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дејан Борисов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучува дека д-р дејан Борисов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето *редовен професор* во подолу наведените научни области.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, д-р Дејан Борисов да биде избран во звањето **редовен професор** на научните области: *Општа историја на христијанската црква* (шифра 61106), *Историја на МПЦ* (шифра 61107) и *Друго* (шифра 61109), на научното поле: *Теологија* (шифра 611) и научното подрачје: *Хуманистички науки* (шифра 6).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. д-р Тони Филипоски, претседател**

**2. Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, член**

**3. Проф. д-р Ратомир Грозданоски, член**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Дејан, Антон, Борисов
**Институција:** Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски", Скопје
**Научни области:** ***ОПШТА ИСТОРИЈА НА ХРИСТИЈАНСКАТА ЦРКВА*** **(шифра 61106),** ***ИСТОРИЈА НА МПЦ*** **(шифра 61107)** ***И ДРУГО*** **(шифра 61109).**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 2 | Научен степен – *доктор на науки* од научните области за кои се избира.<br><br>Назив на научните области: *Општа историја на христијанската црква* (шифра 61106), *Историја на МПЦ* (шифра 61107) и *Друго* (шифра 61109), научно поле: *Теологија* (шифра 611), научно подрачје: *Хуманистички науки* ( шифра 6). | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>1. Назив на научното списание: Occasional Papers on Religion in Eastern Europe<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земја): 50, 31.<br>3. Наслов на трудот: Road to the Restoration of the Ohrid Archbishopric, *Special Issue for the Fiftieth Anniversary of the Declaration of the Autocephaly of the Macedonian Orthodox Church*<br>4. Година на објава: 2017 | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: *The dual ecclesiastical jurisdiction over the Eparchy of Skopje in the XIX century and the Metropolitan of Skopje Theodosius*<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Италија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Pontificium Institutum Orientale, Facultas Scientiarum ecclesiasticaarum Oriienatlium, Romae 2015 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Света Софија – „Премудроста која си изгради дом".<br>2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна конференција, *Света Софија – „Премудроста која си изгради дом"*, Охрид-Струга, 11-13 октомври 2019<br>3. Имиња на земјите: Италија, Романија, Косово, Македонија<br>4. Наслов на трудот: *Која црква е соборен храм на Македонската православна црква – Охридска архиепископија?*<br>5. Година на објава: 2020 | да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање: *вонреден професор*. Датум и број на Билтен на ПБФ: бр.07/2016-2018 од февруари 2019 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“
13.04.2022
74/1

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Дејан, Антон, Борисов

**Институција:** Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“, Скопје
**Научни области:** ***ОПШТА ИСТОРИЈА НА ХРИСТИЈАНСКАТА ЦРКВА*** **(шифра 61106),** ***ИСТОРИЈА НА МПЦ*** **(шифра 61107)** ***И ДРУГО*** **(шифра 61109).**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Прв циклус студии** | | |
| 1. | *Историја на христијанската црква I (зимски семестар)* период 2017-2022, 5 семестри по четири часа неделно | 5*4*15*0,04 =12 |
| 2. | *Историја на христијанската црква II (летен семестар)* период 2017-2021, 4 семестри по четири часа неделно | 4*4*15*0,04 =9.6 |
| 3. | *Историја на христијанската црква II (летен семестар)* период 2021-2022, 1 семестар по шест часа неделно | 1*6*15*0,04 =3,6 |
| 4. | *Историја на македонската православна црква I (зимски семестар)* период 2017-2022, 5 семестри по четири часа неделно | 5*4*15*0,04 =12 |
| 5. | *Историја на македонската православна црква II (летен семестар)* период 2017-2021, 4 семестри по четири часа неделно | 4*4*15*0,04 =9.6 |
| 6. | *Историја на македонската православна црква II (летен семестар)* период 2021-2022, 1 семестар по шест часа неделно | 1*6*15*0,04 =3,6 |
| 7. | *Канонско право II (летен семестар) 2018-2019* | 1*6*15*0,04 =3,6 |
| 8. | *Црковно пеење (зимски семестар) 2020-2021* | 1*4*15*0,04 =2,4 |
| 9. | Консултации со студенти | 1 |
| 10. | Ментор на дипломска работа 3 x 0,2 | 0,6 |
| 11. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 8 x 0,1 | 0,8 |
| 12. | Интерна скрипта од предавања: *Историја на христијанската црква I* | 4 |
| 13. | Пакет материјали за: *Историја на христијанската црква II* | 1 |
| 14. | Пакет материјали за: *Историја на македонската православна црква I* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Пакет материјали за: *Историја на македонската православна црква II* | 1 |
| 16. | Подготовка на нов предмет 6x1 | 6 |
| **Втор циклус студии** | | |
| 16 | *Современа историја на Македонската православна црква* | 1*2*15*0,05 =1,5 |
| 17 | *Првиот и Вториот црковно-народен собор на Македонската православна црква* | 1*3*15*0,05 =2,25 |
| 18 | *Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд:* „Ангелологијата и демонологијата во Стариот завет", Аљоша Коруновски, ПБФ | 0,3 |
| 19 | Подготовка на нов предмет 2x1 | 2 |
| **Трет циклус студии** | | |
| 20 | *Народните здруженија во Македонија во XIX век и нивната вклученост во црковните работи* (2018-2022) | 1*2*15*0,06 =1,8 |
| 21 | *Црквата во Македонија во првата половина од XX век* (2018-2022) | 1*2*15*0,06 =1,8 |
| 22 | *Богословски дискусии во доцна Византија* (2018-2022) | 1*2*15*0,06 =0,9 (50%) |
| 23 | *Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд:* „Сликарството во сакралните објекти на културниот комплекс Зрзе", м-р Александар Василески, Филозофски факултет, 2020 | 0,7 |
| 24 | Подготовка на нов предмет 3x1 | 3 |
| | **Вкупно** | **86,05** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Ментор на магистерски труд** | | |
| 1. | Ширење на Словото Божјо во Преспанско-пелагониската епархија (пастирство и веронаука), Моника Дервеновска, ПБФ, 2020. | 2 |
| **Учесник во национален научен проект:** | | |
| 1. | „Теодосиј Гологанов – скопски митрополит 1885-1892", *Прилози за историјата на Македонија и македонската култура,* Приредувач: Катица Ќулавкова МАНУ, Скопје 2021, 485-502. | 3 |
| **Дел од монографија:** | | |
| 1. | „Методиј (Ѓорѓи Попоски) епископ Велички, митрополит Дебарско-кичевски; Ангеларij (Цветко Крстески) епископ Пелагониски, митрополит Дебарско-кичевски, архиепископ Охридски и Македонски"; „Тимотеј (Славе Јовановски) епископ Австралиски, митрополит Дебарско-кичевски и администратор Австралиско-сиднејски, *Дебарско-* | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *кичевска епархија 1967-2017*, Канео-Охрид 2017, 53-90. | |
| 2. | „Важноста на епископството на Доситеј за Македонската православна црква – Охридска архиепископија“, *Монографија Возобновителот*, КОВЗР, Скопје 2021, 177-192. | 4 |
| **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји** | | |
| 1. | „Колку ученици имал свети Климент Охридски во Кутмичевица?“ *Меѓународна конференција „Свети Климент Охридски–милоста и милосрдието во Библијата и во Црквата“, Охрид, 20-22 октомври 2016*, ПБФ, Скопје 2018, 199-214. | 5 |
| 2. | „Која црква е соборен храм на македонската православна црква – Охридска архиепископија?“, *Меѓународна конференција „Света Софија – 'Премудроста која си изгради дом'“, Охрид-Струга, 11-13 октомври 2019*, ПБФ, Скопје 2020, 249-266. | 5 |
| **Труд со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научни/стручни собири** | | |
| 1. | „Историски белешки за манастирот Слепче (XIV-XXI век)“, *Зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум: Манастир Свети Јован Крстител Слепче, духовен, книжевен и уметнички центар, Скопје 2017, 52-65.* | 2 |
| 2. | „Road to the Restoration of the Ohrid Archbishopric“, *Occasional papers on religion in Eastern Europe, Special Issue for the Fiftieth Anniversary of the Declaration of the Autocephaly of the Macedonian Orthodox Church*, vol. 37/4 (2017), Skopje 2017, 33-52.<br>„Патот кон обновата на Охридската архиепископија“, *Јубилеен зборник по повод 50 годишнината од прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква – Охридска архиепископија*, ПБФ–Скопје 2017, 55-88 (253-277). | 2 |
| 3. | „Современите предизвици на Македонската православна црква – Охридска архиепископија“, *Предание и општество. Зборник на трудови од Првиот и Вториот Светиклиментов научен собир (2017-2018)*, ПБФ, Скопје 2019, 155-168. | 2 |
| 4. | „Охридската архиепископија и Македонците“, Десетта научна средба: *Делото на свети Климент Охридски како духовен и историски палимпсест*, (декември 2020, НУБ „Свети Климент Охридски“), Скопје 2020, 89-103. | 2 |
| **Труд со оригинални научни резултати објавени во стручно/научно популарно списание** | | |
| 1. | „Македонската православна црква – Охридска архиепископија“, *Огледало (Списание за православна* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *вера, култура и образование),* бр. 8/9 (декември 2017), Гласник на Тетовско-гостиварската епархија при МПЦ-ОА, Тетово 2017, 37-47. | |
| 2. | „Високиот клир на Охридската архиепископија во втората половина на XVII век и почетокот од XVIII век", *Огледало (Списание за православна вера, култура и образование),* бр. 10/11 (декември 2018), Гласник на Тетовско-гостиварската епархија при МПЦ-ОА, Тетово 2018, 29-38. | 2 |
| **Апстракт објавен во зборник од конференција** | | |
| 1. | "The Relation Between the Serbian Orthodox Church and the Macedonian Orthodox Church from 1958 till 1967", *The international Symposium: The Churches from Romania, Georgia, Macedonia and Poland. Forms of Organization and Leadership over the Centuries. Considerations and Assessment*, Constanta, Romania, 2017, 12-13. | 1 |
| 2. | „Охридската архиепископија пред и по 1018 година", *Прва национална конференција за византологија и медиевистика „Самуиловата држава – 1.000 години потоа (1018-2018), Книга на Апстракти, (Охрид, 25-26 октомври 2018),* Охрид 2018, 50. | 0,5 |
| **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа** | | |
| 1. | „Новите скопски цркви на почетокот од XX век", Годишен зборник на ПБФ, кн. 21-22 ( 2015/2016), Скопје 2019, 69-82. | 2 |
| 2. | „Пропагандата на Бугарската егзархија во Кумановско и Паланечко (1903-1904), Нови документи", Годишен зборник на ПБФ, кн. 25-26 (2019/2020), Скопје 2020, 45-66. | 2 |
| 3. | „Животот на Црквата во првиот век според Дела на светите апостоли од светиот апостол Лука", Годишен зборник на ПБФ, кн. 27, Скопје 2021, 43-59. | 2 |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 1. | „Која црква е соборен храм на македонската православна црква – Охридска архиепископија?", *Меѓународна конференција „Света Софија – „Премудроста која си изгради дом" (Охрид-Струга, 11-13 октомври 2019)* ПБФ | 3 |
| 2. | „Црковната состојба во Скопско во првата половина од XIX век и периодот кога Дичо Зограф работи во Скопско", *Меѓународна конференција: „200 години Дичо Зограф"* (Скопје, МАНУ, 17-18 октомври 2019) | 3 |
| 3. | „Влијанието на црковните практики и традиции врз Самоиловите политики", *Студиски ден: Католичката црква во Македонија низ својата историја (*10 ноември 2018, Католичка црква во Република Македонија и Католички богословски факултет во Сараево) | 3 |
| 4. | "The Relation Between the Serbian Orthodox Church and the Macedonian Orthodox Church from 1958 till | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1967", *The international Symposium: The Churches from Romania, Georgia, Macedonia and Poland. Forms of Organization and Leadership over the Centuries. Considerations and Assessment* Constanta, Romania, 11-12 September 2017) | |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | | |
| 1. | „Охридската архиепископија и Македонците", Десетта научна средба: *Делото на свети Климент Охридски како духовен и историски палимпсест*, (декември 2020, НУБ „Свети Климент Охридски") | 2 |
| 2. | „Охридската архиепископија пред и по 1018 година", *Прва национална конференција за византологија и медиевистика „Самуиловата држава – 1.000 години потоа (1018-2018) (Охрид, 25-26 октомври 2018)* | 2 |
| 3. | „Современите предизвици на Македонската православна црква – Охридска архиепископија", *Предание и опитество. Втор Светиклиментов научен собир* (ПБФ, *декември, 2018*), | 2 |
| | **Вкупно** | **60,5** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Поглавје од книга – коавтор** | | |
| 1. | *Дебарско-кичевска епархија 1967-2017, Прв дел,* „Методиј (Ѓорѓи Попоски) епископ Велички, митрополит Дебарско-кичевски; Ангеларij (Цветко Крстески) епископ Пелагониски, митрополит Дебарско-кичевски, архиепископ Охридски и Македонски"; „Тимотеј (Славе Јовановски) епископ Австралиски, митрополит Дебарско-кичевски и администратор Австралиско-сиднејски", Канео-Охрид 2017 | 2 |
| **Дејности од пошироок интерес** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир: Меѓународна конференција, „Света Софија – Премудроста која си изгради дом", Охрид-Струга, 11-13 октомври 2019 | 0,5 |
| 2. | *Раководител на Историско-правната катедра* (2015-2018) | 0,5 |
| 3. | *Член на Универзитетскиот сенат на УКИМ* (2018-2020) | 2 |
| 4. | *Член на Универзитетската комисија за избор на ректор* (2020) | 1 |
| 5 | Продекан (2020-) | 4 |
| 6. | *Претседател на Комисија за изведување на приемните испити во првиот и вториот испитен рок* (2017) | 0,5 |
| 7. | Претседател на Комисија за избор на еден асистент по предметот *Црковна уметност со архитектура* (2019) | 0,2 |
| 8. | Претседател на Комисија за избор на еден асистент по предметот *Канонско право* (2019) | 0,2 |
| 9. | Член на комисија за избор во звање 2 x 0,2 | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Претставник на САС на МПЦ-ОА на полагањето на зрелосниот матурски испит при МПБ (02 јуни -15 јуни 2018) | 1 |
| 11. | *Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста при ПБФ* | **0,5** |
| | **Вкупно:** | **12,8** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **86,05** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **60,50** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **12,80** |
| **Вкупно** | **159,35** |

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Тони Филипоски, претседател
2. Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, член
3. Проф. д-р Ратомир Грозданоски, член